**До:** Јанче Лековски
**e-mail:**
LekovskiJ@nbrm.mk
info@nbrm.mk

**Tel**: 02 3215 181; 3215 235; 3215 477; 3235 146
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Адреса
1000 Скопје, Република Северна Македонија

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

Емаил:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Дозначки примени во Северна Македонија од 2010 до 2022 година, по:**
- **година**
- **Земја од кои доаѓаат (барем од 10-те земји со најголем износ).**

***Објаснување: Ги бараме износите пресметани врз основа на „Методологијата на ММФ" на која се повикува гувернерката на Народната банка, Анита Ангеловска-Бежоска во следното интервју::**https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-05082020.nspx

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

- г) е-маил
  д) друго ______________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Во 13 јули, 2023 година**

[redacted]

[redacted]

[redacted]

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), директорот на Дирекцијата за правни работи, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 23 јуни 2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 13 јули 2023 година, ДЕЛУМНО СЕ ОДОБРУВА.

2.Во врска со бараните податоци, барателот се известува за следното:

Податоците се достапни на статистичкиот веб портал НБСтат, во рамки на платниот биланс – секундарен доход и до нив можете да пристапите на следнот линк https://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/Eksterni%20statistiki/Eksterni%20statistiki__Platen%20Bilans__Platen%20bilans%20godisni/4_SekundarenDohodGodisniMK.px/, со избор на ставката „од кои дознаки од работници: 1.4.2.1.1.а. Прилив". Истите се достапни во милиони евра и милиони САД долари. Ве молиме, имајте предвид дека во оваа ставка се вклучени само дознаките примени преку официјални канали (банки и брз трансфер на пари), но не и дознаките донесени во готовина т.е. дознаки преку неформални канали. Со цел да се опфатат и овие дознаки во готовина, Народната Банка прави проценки врз основа на нето приливот на девизи за кои се смета дека во најголем дел се пристигнати врз основа на дознаки преку неформални канали, и истите се вклучени во ставката 1.4.2.2.а.1. Од кои: нето менувачко работење.

Во однос на барањето за доставување податоци за дознаки поделени по земји, Ве информираме дека Народната банка во моментов подготвува и објавува само збирни податоци за дознаки, без поделба по земји.

## Образложение

На 13 јули 2023 година од страна на [redacted] доставено е Барање на информации од Народната банка на Република Северна Македонија, со кое барателот бара податоци за: Дознаки примени во Северна Македонија од 2010 до 2022 година, по:

- година
- Земја од кои доаѓаат (барем од 10-те земји со најголем износ)

Објаснување: Ги бараме износите пресметани врз основа на „Методологијата на ММФ" на која се повикува гувернерката на Народната банка,

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
www.nbrm.gov.mk

д-р Анита Ангеловска-Бежоска во следното интервју: https https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-05082020.nspx

Имајќи предвид дека дел од бараните податоци претставуваат информации од јавен карактер со кои Народната банка на Република Северна Македонија располага и се објавени на веб страната, на барателот му се доставуваат бараните податоци, додека за останатите податоци барателот се известува дека Народната банка не располага со истите.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.02-26466/1
25 јули 2023 година [redacted]

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба
во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]